Друштво за хотелиерство,угостителство
туризам и трговија
ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД
Бр. 02 – 190/9
26.05.2023 година
Охрид

Врз основа на член 20 од Статутот на Друштвото за хотелиерство, угостителство, туризам и трговија ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид, членовите 22, 287, 383, 417, 418 и 419 од Законот за трговски друштва, Собранието на акционери на својата седница одржана на ден 26.05.2023 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за измена на Статутот на Друштвото за хотелиерство, угостителство, туризам и трговија ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид

**Член 1**

Се усвојува Одлуката за измена на Статутот на Друштвото за хотелиерство, угостителство, туризам и трговија ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид.

**Член 2**

Во Статутот на Друштвото се менува член 33 став 1, кој гласи:
"Одборот на директори брои пет члена од кои еден извршен член и четири неизвршни члена од кои еден независен".

**Член 3**

Се овластува Одборот на директори по донесувањето на оваа Одлука од страна на Собранието на акционери на Друштвото, да изготви пречистен текст на Статутот на Друштвото за хотелиерство, угостителство, туризам и трговија ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување од страна на Собранието на акционери на Друштвото.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно поднесената иницијатива за измена на Статутот на Друштвото за хотелиерство, угостителство, туризам и трговија ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид од Одборот на директори, Одборот на директори постапувајќи по член 417 од Законот за трговските друштва ја утврди горенаведената предлог-одлука за измена на Статутот на Друштвото и му предлага на Собранието на акционери на Друштвото да ја усвои на седницата закажана за 26 мај 2023 година.

Измената на Статутот се предлага поради поефикасно работење на Одборот на директори на Друштвото, а со надеж дека истата позитивно ќе се одрази на работењето, најпрво на Одборот на директори на Друштвото, а секако и на целокупното работење на Друштвото за хотелиерство, угостителство, туризам и трговија ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид.

Претседавач со Собрание

______________________________

"ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ" А.Д. Охрид